**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ТУРСКИ ЈАЗИК И ТУРСКА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-71/4 од 19.3.2025 година донесена на 303. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 19.3.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *турски јазик 6.02.01.03* и *турска книжевност 6.02.02.03* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **д-р Махмут Челик** (претседател), редовен професор за наставно-научната област 64002 туркологија на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
- **д-р Марија Леонтиќ** (член), редовен професор за наставно-научната област 64002 туркологија на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип;
- **доц. д-р Рефиде Шаини** (член), доцент доктор во наставно-научната област туркологија на Факултетот за образовни науки при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ на 27.2.2025 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: д-р Ивана Велкова, доктор на науки од областа на турски јазик и книжевност, виш лектор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со постојано место на живеење на ул. Крушевска Република бр. 48, Виница, која ги има доставено следниве документи: 1. Пријава; 2. Дипломи за завршен прв, втор и трет циклус студии заверени на нотар; 3. Уверение за положени испити на прв и втор циклус студии заверени на нотар; 4. Документ (доказ) за познавање на странски јазик; 5. Препорака од двајца професори; 6. Кратка биографија; 7. Список на објавени научни и стручни трудови; 8. По еден примерок од трудовите; 9. По еден примерок од магистерски и докторски труд; 10. Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Ивана Велкова** е родена на 3 октомври 1985 година во Кочани, со адреса на постојано живеалиште на ул. Крушевска Република бр. 48, Виница. Основно образование завршила во родното место, а средно во Средно медицинско училиште „Јане Сандански“ во Штип.

Во 2016 година дипломирала на Групата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на тема „*Тематска анализа во делата на Јунус Емре*“, со просечен успех 9,82, кој

воедно бил и највисок среден успех во студиската 2015/2016 година. Во знак на признание за постигнатиот најдобар успех во студирањето од страна на Универзитетот и е доделена Пофалница. По дипломирањето се стекнала со стручно звање дипломиран филолог – преведувач и толкувач по турски јазик.

Во 2018 година на истата група на Филолошкиот факултет ја одбранила магистерската теза под наслов „*Поетското творештво на Илхами Емин објавено на македонски јазик*", при што се стекнала со назив магистер по филолошки науки од областа турска книжевност. Постдипломските студии ги завршила со просечен успех 9,42.

Во јануари 2025 година на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје ја одбранила докторската дисертација под наслов „Хуманистичките аспекти во македонскиот роман со теми од османлискиот период". Докторските студии ги завршила со просечен успех 9,67 и се стекнала со стручно звање доктор на науки од областа на турски јазик и книжевност.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Општи услови за избор:**

- Кандидатката д-р Ивана Велкова има завршено втор циклус академски студии од научната област во која се избира и има стекнато назив магистер од соодветната област (турски јазик и книжевност);
- Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв (9,82) и на втор циклус (9,42) за секој циклус посебно;
- Научен степен доктор на науки од соодветната област: кандидатката Ивана Велкова на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје на Факултетот за образовни науки на Катедрата за турски јазик и литература ги положила сите предвидени испити на докторските студии од студиската програма Турски јазик и книжевност, со просечна оценка 9,67, а на 31 јануари 2025 година ја одбранила докторската дисертација со наслов „*Хуманистичките аспекти во македонскиот роман со теми од османлискиот период*", со што се стекнува со академски степен доктор на науки од областа на турски јазик и книжевност.
- Од 2019 година е во редовен работен однос како лектор, односно од 2023 година како виш лектор на Групата за турски јазик и книжевност. Одржува настава и вежби по предметите Современ турски јазик 1, Современ турски јазик 2, Современ турски јазик 3 и Современ турски јазик 4. Покрај наставата Ивана активно учествува и во активностите и задолженијата кои се во состав, како на Групата за турски јазик и книжевност, така и на Филолошкиот факултет и Универзитетот. Имено, таа е член на Испитна комисија во Институтот за јазици, при што активно учествува во спроведување на испитите по македонски јазик за странци (за студентите од Р. Турција). Како член на Институтот за јазици, Ивана Велкова е тестатор за познавање на турски јазик. Исто така, според потребите на Универзитетот врши превод на веб-страницата на Универзитетот од македонски на турски јазик.

- Д-р Ивана Велкова активно е вклучена и во научноистражувачкиот процес, при што своите истражувачки резултати ги објавува на меѓународни и на домашни симпозиуми, конференции, во списанија и зборници. Има објавено најмалку четири научни труда во референтна научна публикација.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Koteva, Ivana** | *Dragi Mihaylovski'nin "Keşişin Ölümü" Adlı Romanındaki Hümanist Bakış Açısı* | International Congress on Tourism, Culture and Economy (ITEC'24) | 2024 |
| 2. | Saini, Refide and **Koteva, Ivana** | *Менталитетот на жената во расказот „Железната сестра" од Немика Туѓу*<br><br>*(The woman's mentality in the short story "The Iron Sister" by Nemica Tugju)* | Knowledge – International Journal, 64 (5) | 2024 |
| 3. | Celik, Mahmut and **Koteva, Ivana** and Shaini, Refide | *Atso Şopov'un sanatını Türk okurlarına tanıtmak* | Proceedings of the International Scientific Conference 100th Anniversary of the Birth of Aco Sopov | 2023 |
| 4. | **Koteva, Ivana** | *Oğuz Atay'ın "Korkuyu Beklerken" adlı eserinde mekan ve kurmaca mekan üzerine bir ınceleme* | International Journal od Education & Philology | 2023 |
| 5. | Celik, Mahmut and **Koteva, Ivana** | *Прозното творештво на Неџати Зекерија (1928-1988)*<br><br>*(The prose work of Nexati Zekeriya (1928-1988)* | Knowledge - International Journal, 61 (5) | 2023 |
| 6. | **Koteva, Ivana** | *Osmanlı Döneminde Makedonya* | Hikmet Uluslararası Hakemli İlmi Araştırma Dergisi | 2022 |
| 7. | **Koteva, Ivana** | *İlhami Emin.* | Uluslararası Balkan Üniversitesi Yayını | 2023 |

- Кандидатката има потврда за познавање на еден странски (англиски) јазик, издадена од Институтот за јазици на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.
- Има наставно и практично искуство во областа во која се избира (Деталите за оваа ставка на кандидатката се наведени во делот *Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*).

**Посебни услови:**

- Објавени научни и стручни трудови во областа во која се избира (листа на научни и стручни трудови, како и цели печатени трудови);

- Две препораки од професори од соодветната област (кандидатката има приложено препораки од еминентни професори од соодветната област).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

**Наставно-образовна дејност**

Во периодот од 2019 до 2023 година работи како лектор во наставно-научната област туркологија во рамките на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошкиот факултет кандидатката се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката беше ангажирана на Катедрата за турски јазик и книжевност за изведување лекторска настава по предметите: Современ турски јазик 1, Современ турски јазик 2, Современ турски јазик 3, Современ турски јазик 4.

На 4 јули 2023 година од страна на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип беше избрана во наставно-стручно звање виш лектор.

Од последниот избор до денес, кандидатката беше ангажирана за настава по следниве предмети:

Зимски семестар во 2023/2024 година:

1. Современ турски јазик 1 (предавања и вежби);
2. Современ турски јазик 3 (предавања и вежби).

Летен семестар во 2023/2024 година:

1. Современ турски јазик 2 (предавања и вежби);
2. Современ турски јазик 4 (предавања и вежби).

Зимски семестар во 2024/2025 година:

3. Современ турски јазик 1 (предавања и вежби);
4. Современ турски јазик 3 (предавања).

Летен семестар во 2024/2025 година:

3. Современ турски јазик 2 (предавања и вежби);
4. Современ турски јазик 4 (предавања).

Покрај наведените обврски, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Групата за турски јазик и книжевност, Филолошкиот факултетот и Универзитетот „Гоце Делчев".

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Ивана Велкова важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

- Учество на Научен собир со реферат (онлајн), Интернационален конгрес за туризам, култура и економија во организација на Sivas Cumhuriyet Üniversitesi.
- Учество на Научен собир со реферат (усно) - Меѓународна научна конференција „100 години од раѓањето на Ацо Шопов“.
- Кандидатката има дел од научна книга насловена како „Турската книжевност на Балканот“ („Balkan Türk Edebiyatı”) објавена од страна на Меѓународен балкански универзитет.

Исто така, во периодот 13-17 мај 2024 година, како докторанд на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје реализирала престој во Институтот за детска книжевност во Белград, каде што одржала предавања на тема „Балканска книжевност“.

Во продолжение е даден преглед на позначајните научни остварувања на кандидатката.

Кандидатката д-р Ивана Велкова ги има објавено следниве научни и стручни трудови:

1. **Koteva, Ivana (2024)** ***Dragi Mihaylovski'nin "Keşişin Ölümü" Adlı Romanındaki Hümanist Bakış Açısı.*** **International Congress on Tourism, Culture and Economy (ITEC'24), pp.190-194.**

Во овој труд е направен осврт на хуманистичките аспекти во романот „Смртта на дијакот“ од Драги Михајловски. Романот и припаѓа на современата македонска книжевност, а тематски е свртен кон историското минато на македонскиот народ, односно периодот на османлиското владеење. Во романот е опишано освојувањето на градот Битола од страна на османлиската војска. Размислувањата на главните ликови во овој роман, монахот Равул и турскиот војсководец Тимурташ, шират заедничка хуманистичка порака дека војната не им носи никакво добро на луѓето, односно најголемите битки во животот се водат со ум, а не со оружје.

2. **Saini, Refide and Koteva, Ivana (2024)** ***Менталитетот на жената во расказот „Железната сестра“ од Немика Тугџу (The woman's mentality in the short story "The Iron Sister" by Nemica Tugju).*** Knowledge – International Journal, 64 (5), pp. 621-625.

Оваа статија нуди откривање на женскиот менталитет т.е. менталитетот на Железната сестра од истоимениот расказ од турската писателка Немика Тугџу. Најпрвин преку општа анализа на поимот и составните компоненти на менталитетот, а потоа и преку опсервација на постапките на главната медицинска сестра ќе дознаеме што се наоѓа под оклопот на таканаречената Железна сестра. Кои се архитектите на нејзиниот железен оклоп кој ќе го носи целиот свој живот, се додека не и стежне и не ја измори до крајни граници? Кому му е доследна? Зошто ги потиснува своите чувства? Прашања преку чиишто одговори ќе се дознае дека Железната сестра, всушност, само навидум е железна. Совеста, преголемите очекувања од себеси, да биде безгрешна и доследна на учителката Мелахат, еден ден ќе направат голема жолта дамка која ќе биде кобна за нејзиниот живот. Конечно, сите чувства кои со години ги потиснувала во себе ќе ја обземат и таа се претопува во обичен човек кој тешко се носи со својот товар. Товар кој повеќе не може да го издржи и се препушта на одлуката да стави крај на овие чувства кои ја измачуваат до неиздржливост.

**3. Celik, Mahmut and Koteva, Ivana and Shaini, Refide (2023)** ***Atso Şopov'un sanatını Türk okurlarına tanıtmak.*** **Proceedings of the International Scientific Conference 100th Anniversary of the Birth of Aco Sopov, pp.407-413.**

Ацо Шопов е една од најеминентните личности во целокупниот културен и општествен свет на Македонија. Покрај својата творечка дејност, тој е и преведувач, основоположник на Струшките вечери на поезијата, активист на Друштвото на писатели на Македонија, а меѓу другото и наш амбасадор. Иако бил успешен во сите дејности што ги вршел, сепак Ацо Шопов е синоним за убавата поезија во која поетот ја пренесува својата раскошна и креативна енергија. Неговите песни имаат трајна вредност, со задоволство се читаат и пред половина век и денес. Поезијата на Шопов буди голем интерес како за читателите, така и за научните истражувачи. Неговите лик и дело се предмет на многубројни научни истражувања, а поезиите му се преведени на повеќе странски јазици. Целта на овој труд е да биде проширена таа листа на странски јазици. Трудот е напишан на турски јазик со цел неговите лик и дело да бидат претставени и на турската читателска публика, со надеж дека ќе пробуди интерес кај турските читатели кои ја љубат поезијата, но и кај научните истражувачи за да се направат многу вакви научни истражувања со кои ќе се прикаже и осветли големото дело на овој истакнат поет.

**4. Koteva, Ivana (2023)** ***Oğuz Atay'ın «Korkuyu Beklerken» adlı eserinde mekan ve kurmaca mekan üzerine bir ınceleme.*** **International Journal od Education & Philology, pp.136-143.**

Во оваа студија се обработени приказните од романот „Чекајќи го стравот" ("Korkuyu Beklerken") од турскиот писател Огуз Атај. Тие се анализирани од аспект на реалното и фиктивното место на настанот на дејствијата. Анализирајќи го потеклото, значењето, употребата и видовите на зборот „место" се утврдува врската помеѓу предметот и просторот. Анализата на приказните од романот е направена според делата „Наратологија - Прирачник за теорија на раскажување" ("Anlatıbilim – Anlatı Teorisi El Kitabı") од Манфред Џан и „Вовед во наратологија" ("Anlatıbilime Giriş") од Бахар Дервишџемалоглу.

**5. Celik, Mahmut and Koteva, Ivana (2023)** ***Прозното творештво на Неџати Зекерија (1928-1988) (The prose work of Nexati Zekeriya (1928-1988).*** **Knowledge - International Journal, 61 (5), pp. 867-870**

Неџати Зекерија е еден од основоположниците на турската книжевност во Македонија со особен придонес за развојот на литературата за деца. Покрај тоа, Зекерија бил главен и одговорен уредник и на детските списанија „Севинч" и „Томурџук" кои одиграле голема улога во развојот на книжевноста на Турците кои живеат на овие простори. Во статијата е прикажан животот на овој значаен поет и писател, потоа неговото литературно творештво, како и тематската преокупација во неговите дела. Исто така, нагласена е и неговата заслуга во афирмацијата на турската литература и култура надвор од границите на Македонија. Неговата книга раскази „Децата од нашата улица" претставуваше прв сериозен пробив на творештвото на турските писатели во Македонија, не само на југословенските простори, туку и на Балканот, а и пошироко.

**6. Koteva, Ivana (2022)** ***Osmanlı Döneminde Makedonya.*** **Hikmet Uluslararası Hakemli İlmi Araştırma Dergisi, pp. 38-45.**

Македонската земја низ историјата била освојувана од неколку европски и балкански земји. Остатоците од овие цивилизации се зачувани до ден-денес, но, сепак,0 Османлиската Империја имала најголемо влијание и најдолго присуство на оваа територија. Во студијата насловена како „Македонија во османлискиот период“ е направен осврт врз навлегувањето на Османлиите на македонските простори којшто осврт пак е направен според литературни извори напишани на македонски и турски јазик. Почнувајќи од првите контакти на христијанското население со исламската вера се забележуваат различни причини за промена на верата, а исто така постојат и примери каде што не се случува таква промена. Дополнително, настануваат промени во архитектурата, изгледот на селата, градовите и населбите. Се забележува и развојот на трговијата, економијата и индустријата што носи нов живот во едно ново време.

***Делови во научни книги:***

**7. Koteva, Ivana (2023)** ***İlhami Emin.*** **Uluslararası Balkan Üniversitesi Yayını.**

Книгата „Турската книжевност на Балканот“ (“Balkan Türk Edebiyatı”) е фокусирана на турските писатели и поети од балканското поднебје кои со своето творештво ја развивале и негувале турската литература на овие простори. Еден од овие претставници е Илхами Емин којшто творел паралелно на турски и на македонски јазик. Во статијата се прикажани неговиот живот и литературно творештво, целосен преглед на неговите дела, како и избор песни, со што се покажува неговиот придонес и заслуга за развојот на турската книжевност во Македонија.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

***Член на универзитетски тела и комисии:***

- Член на Комисија за одбрана на дипломски работи: Одлуки бр.: 1903-184/1; 1903-195/1; 1903-69/1; 1903-151/1;1903-111/1; 1903-190/1; 1903-222/1;
- Член на Институт за јазици при Филолошки факултет;
- Член на испитна Комисија во Институтот за јазици за спроведување на испитите по македонски јазик за странци (за студентите од Р. Турција) во следните испитни сесии: Декемвриска испитна сесија 2022; Јануарска / Февруарска испитна сесија 2022/2023; Априлска испитна сесија 2023 година; Мајска испитна сесија 2023 година; Јунска испитна сесија 2023; Августовска испитна сесија 2023; Септемвриска испитна сесија 2023; Дополнителна септемвриска сесија 2023; Декемвриска испитна сесија 2023; Февруарска испитна сесија 2024; Априлска испитна сесија 2024; Мајска испитна сесија 2024; Јунска испитна сесија 2024; Августовска испитна сесија 2024; Септемвриска испитна сесија 2024; Дополнителна септемвриска испитна сесија 2024; Декемвриска испитна сесија 2024; Февруарска испитна сесија 2025; Априлска испитна сесија 2025.

- Член на Комисија за изработка на елаборат на прв циклус студии на Филолошки факултет.

Д-р Ивана Велкова, како член на Институтот за јазици, исто така, е и тестатор за познавање на турскиот јазик. Како преведувач од македонски на турски јазик и обратно, според потребите на Универзитетот, врши превод на веб-страницата на Универзитетот од македонски на турски јазик.

Кандидатката активно учествува во низа стручно-апликативни и организациски активности на Групата за турски јазик и книжевност и на Филолошкиот факултет. Учествува во организирање на различни вебинари и работилници.

Според досега изнесеното, можеме да констатираме дека кандидатката д-р Ивана Велкова наставно-педагошката и научноистражувачката дејност ги изведува посветено и успешно.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со член 173 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ бр.82/2018) и член 31 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр.50/2021), како и по деталното разгледување на комплетната доставена документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Ивана Велкова **ги исполнува сите законски услови за избор на наставник во наставно-научно звање доцент за наставно-научните области турски јазик и турска книжевност.**

Нејзиниот опус ни дава за право уште еднаш да констатираме дека кандидатката поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог и **кандидатката д-р Ивана Велкова да ја избере за наставник во наставно-научно звање *доцент* за наставно-научните области турски јазик и турска книжевност.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Махмут Челик, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Марија Леонтиќ, редовен професор, член, с.р.
Д-р Рефиде Шаини, доцент, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | ВКУПНО | | | | | |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Ред.бр.2,5<br>Ред.бр.4,6 | 2<br>2 | 6<br>9 | | | 30 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Ред.бр. 1<br>Ред.бр. 3 | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| | Дел од монографија или научна книга<br>Ред.бр.7 | 1 | 6 | | | 6 |
| | Студиски престој во странство - еднократно | | | 1 | 8 | 8 |
| | Секциско предавање на научен собир<br>Ред.бр. 1,2,3,5 | | | 4 | 4 | 16 |
| | Одбранета магистерска работа | | 4 | | | 4 |
| | Одбранета докторска теза | | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **77** |
| | | | | | | |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Член на факултетски орган, комисија | 8 | 2 | | | **16** |
| | Член на институтски орган, комисија | 19 | 2 | | | **38** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **54** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **131** |